МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ЗАПИСНИК**
**од 55. редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 21 октомври 2024 година (понеделник)**

Педесет петтата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 14 ноември 2024 година (понеделник), со почеток во 11.27 часот, во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 21 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Предраг Станковски, Убавица Игнатоска, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Гордана Ивановски Велковска, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Татјана Стојановска, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Благица Цветановска, Дејан Лазаревски и Невена Георгиевска.
Покасно на седницата се вклучија членовите на Советот Давор Грче и Мартин Димоски.

На 55. седница на Советот присуствуваа раководителите на секторите и одделенијата во Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 55. седница присуствуваше Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски и Секретарот на Општина Карпош Весна Стефанова.

Претседателот пред да го стави дневниот ред на гласање даде одредени информации на советниците во однос на тоа дека имало координација помеѓу кординаторите на советничките групи за дел од точките кои имаа предлози, истите се договорени и како такви ќе бидат ставени на разгледување и гласање.
Претеседателот посочи дека во салата се присутни преставници на Стрелачката федерација на македонија кои имаат интерес за закуп на дел од салата Партизан и истите сакаат да презентираат која е идејата за реализација на просторот но и за што е предвиден да се користи како и за поволностите кои се спремни да ги дадат за граѓаните кои се од Карпош и кои пројавуваат интерес за стрелаштвото.

Преставниците детално го презентираа и образложија проектот кој е предвиден во простроот каде претендираат да го земат под закуп, но и посочија на сите предвидени активности во обласа на срелаштвото кои се предвидуваат да се остварат во идниот период од неколку години.

Се разви дискусија помеѓу неколку советници кои поставија одредени прашања, на истите беше даден детален соодветен одговор.
За збор се јави градоначалникот Јакимовски и даде информација по однос на долгот со парното но и префралањата на средствата за таа намена од страна на матичното министерство.Јакимовски укажа дека проблемот делумно е надмината училиштата добиле парно, и во преговори се со министерството за префрлање онолку средства колку што се потребни за покривање на трошоците.Градоначалникот посочи дека сето тоа е резултат на неговата реакција преку медиумите во кои им посочи дека одржувањето на самите училишта е законска обврска на министерството за образование.

Претседателот на Совет отвори расправа по дневниот ред и посочи дека се најавени точки кои ќе се додадат на дневниот ред.

За збор се јави градоначалникот Јакимовски и предложи точка за дневниот ред во однос на наградување на полициски службеник кој посебно се истакнува во неговата работа.

Бидејќи никој  друг не се јави за збор, претседателот го стави предлог на градоначалникот на гласање.

По спроведеното гласање со 19 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 глас ВОЗДРЖАНИ, е додадена Одлука за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош како точка 6 на дневниот ред од 55. Седница на Советот на Општина Карпош.

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. **Предлог - Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година**
2. **Предлог – Одлука за прогласување на заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2024 година**
3. **Предлог – Одлука за доделување награда за постигнат успех во полето на математиката**
4. **Предлог – Одлука за доделување награда за постигнат успех во полето на математиката**
5. **Предлог – Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ „Војдан Чернодрински“ Карпош-Скопје**

6. **Одлука за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош**

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и дневниот ред со 6 точки го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 21 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен дневниот ред од 55. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот го повика членот на Советот Славко Митевски како претседател на комисија прописи да образложи за точките кои биле разгледувани.
Митевски посочи дека комисијата се одржала на ден 18.10.2024 година и интергрално образложи за точките кои се рагледувале.

Претседателот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска како претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој да образложи за точките кои биле разгледувани.
Советничката посочи дека комисијата се одржала на ден 18.10.2024 година и интергрално образложи за точките кои се рагледувале.

**1. Предлог - Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог точката.
За збор се јави Татјана Стојановска со одредени прашања по кварталниот извештај.
Раководителот на сектор финансии Мирјана Ѓоргиевска даде детално образложение и одговор на поставените прашања.
За збор се јави Невена Георгиевска со одредена информација по сума која е исплатена, и дали сугестиите од одржани комисии по одредени точки на програмите се земаат во предвид и како тие влијаат и се иплементираат по спроведување на точките од програмите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 13 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година**

Претседателот посочи дека членот на Советот Александра Антевска како претседател на Комисијата за верификација е моментално отсутна и он како преставник од комисијат ќе образложи за точките кои биле разгледувани.
Советникот посочи дека комисијата се одржала на ден 18.10.2024 година и интергрално образложи за точките кои се рагледувале.

**2. Предлог – Одлука за прогласување на заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2024 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој  друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ , е усвоена Одлука за прогласување на заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2024 година**

**3. Предлог – Одлука за доделување награда за постигнат успех во полето на математиката**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.
Се разви дискусија по однос на точката помеѓу Татјана Стојановска, Бранко Ристов, Добрила Андоновска, Невена Георгиевска, Благица Цветановска и Градоначалникот Јакимовски во однос на  доделување на наградата но воопшто наградување и стимулирање на ученици кои имаат талент и кои истиот го насочуваат кон освојување на награди а воедно вршат промоција на самата Општина Карпош но и на самата држава Р.С Македонија.Помеѓу горе споменатите се појавија различни мислења но по изнесување на секој свои аргументи сите се сложија дека треба да се помагаат и стимулираат талентирани ученици со тоа што ќе се помогне да се подигнат во иднина на некое ниво со кое би го докажале при освојување на награди на престижни натпревари.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 18 гласа ЗА, ПРОТИВ нема и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Одлука за доделување награда за постигнат успех во полето на математиката**

**4. Предлог – Одлука за доделување награда за постигнат успех во полето на математиката**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Одлуката за доделување награда за постигнат успех во полето на математиката**

**5. Предлог – Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ „Војдан Чернодрински“ Карпош-Скопје**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоено Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ „Војдан Чернодрински“ Карпош-Скопје**

**6. Одлука за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

За збор се јави советникот Владимир Бислимовски со предлог да се зголеми сумата со која би се наградил полицискиот службеник односно од 40000 денари на 60000 денари.
За збор се јави Татјана Стојановска со одредена забелешка кон наградувањето но и самата сума која е предлог на награда.
Владимир Бислимовски даде свое видување и образложение зашто треба да се подржи ваква одлука.
За збор се јави Невена Георгиевска и посочи дека во иднина треба да се размисли за награда и на некој пожарникар, кој доага од благодарна професија.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Одлуката за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош**

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 55. редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 12:38 часот.

**Изработил:**
**Томче Панчевски**

**Број: 09-2483/5**
**Датум: 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**